# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

ул. Петар Дељан бр. 17, 1000 Скопје, тел.++389 2 785 420; факс. ++389 2 770 210;
E-mail: contact@kiselavoda.gov.mk, www.kiselavoda.gov.mk


**Бр. 13-1839/11 од 27.12.2019 год.**

Врз основа на член 24 и член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18, 168/18), член 50 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр. 5/02), член 57 од Статутот на Општина Кисела Вода (Службен гласник на Град Скопје бр. 8/2005 и Службен гласник на Кисела Вода бр. 13/2006) и донесената Програма (Ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2019 година со Решение бр. 08-11142/2 од 31.12.2018 година, за Детален урбанистички план за изменување и дополнување на Детален урбанистички план за Градска Четврт Ј08, блок 15, Општина Кисела Вода - Скопје, по прифатена иницијатива, Градоначалникот на Општина Кисела Вода донесе:

## О Д Л У К А

### за организирање на јавна анкета и јавна презентација по предлог план за изменување и дополнување на Детален урбанистички план за Градска Четврт Ј08, блок 15, Општина Кисела Вода - Скопје

**Член 1**

Се организира јавна анкета и јавна презентација по предлог план за изменување и дополнување на Детален урбанистички план за Градска Четврт Ј08, блок 15, Општина Кисела Вода – Скопје.

**Член 2**

Јавната анкета по предлог план за изменување и дополнување на Детален урбанистички план за Градска Четврт Ј08, блок 15, Општина Кисела Вода – Скопје, ќе се спроведе со изложување на предлог планот во У.З. „Цветан Димов“ на ул. „Томе Арсовски“ бр. 49 и на www.kiselavoda.gov.mk.

**Член 3**

Јавната анкета ќе трае 10 работни дена, почнувајќи три дена од денот на објавувањето на Соопштението за организирање на јавна анкета и јавна презентација по предлог план за изменување и дополнување на Детален урбанистички план за Градска Четврт Ј08, блок 15, Општина Кисела Вода – Скопје.

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставaт забелешки, предлози и мислења на анкетните листови на шалтерот на Општина Кисела Вода (барака 6) и во У.З. „Цветан Димов“ на ул. „Томе Арсовски“ бр. 49.

**Член 4**

Јавната презентација по предлог план за изменување и дополнување на детален урбанистички план за Градска Четврт Ј08, блок 15, Општина Кисела Вода – Скопје, ќе се спроведе со стручно презентирање на планот во службените простории на Општина Кисела Вода, барака 7, Голема Сала, на 09.01.2020 година, со почеток во 09:30 за субјектите и со почеток во 10:30 часот за граѓаните.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
на Општина Кисела Вода
Филип Темелковски